МОДЕМ

МОНИТОРИНГ НА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА

# Втор извештај од следењето на политичкиот плурализам во централните телевизиски вести

период: 10 дена (од 3 - 7 и 10 - 14 октомври)

# ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ТЕЛЕВИЗИИТЕ ЗА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА НА ГЛАВНИТЕ ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

## Провладините телевизии засилено објавуваат позитивни информации за изборните ветувања на ВМРО-ДПМНЕ и Никола Груевски

Вестите на Сител, Канал 5, Алфа и ТВ Нова се’ уште наликуваат на алатка на владејачката партија и поради бројот на прилози (вкупно 598 прилози за ВМРО-ДПМНЕ и 262 прилози за СДСМ) и поради фаворизирачкиот став кон ВМРО-ДПМНЕ.

МТВ1 и МТВ2 избалансирано ја покриваа кампањата на двете најголеми партии, и притоа не покажаа ниту фаворизирачки ниту негативен однос кон ниту еден субјект. Сепак, кај МТВ 1 има квантитативен дисбаланс, бидејќи има двојно повеќе информации за кампањата на ВМРО-ДПМНЕ и за активностите на нејзините функционери во власта (128), во споредба со информациите за кампањата на опозицијата и за нејзините функционери во власта (68).

На Сител, Канал5, Алфа, ТВ Нова и МТВ1 се објавени и 36 прилози во кои како промотор на владините проекти се појавува лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, со што повторно се замаглува границата „меѓу партијата и државата“.




## СДСМ, во споредба со претходните анализи на МОДЕМ, е повеќе присутен на провладините телевизии. Овие телевизии сега поретко директно го напаѓаат и демонизираат СДСМ.

И МТВ и четирите приватни телевизии блиски до власта (Канал 5, Сител, ТВ Нова и Алфа) засилено известуваат и за изборната кампања на СДСМ, во споредба со крајот на 2015 и првите месеци на 2016 година. Кога известуваат за СДСМ тие најчесто не заземаат став, иако се’ уште се забележуваат прилози во кои опозицијата се напаѓа и демонизира.

Сител, Канал 5, Алфа и ТВ Нова активностите на опозициската СДСМ ги претставуваат само како „партиски ветувања“, додека оние на ВМРО ДПМНЕ и нејзините функционери како „завршени проекти што само чекаат реализација“.

Телевизиите 24 Вести, Телма, Алсат М и ТВ 21, во вестите издвојуваат и голем простор за останите помали субјекти (Демократски сојуз, Левица), додека АлсатМ и ТВ 21 на обата јазици голем простор отстапуваат и на партиите од албанскиот политички блок и нивна промоција (Беса, Унитети, ДР ДПА и сл.).




За целиот Извештај на Институтот за комуникациски студии кликнете овде

British Embassy Skopje

Подготовката на оваа публикација беше овозможена со поддршка од Британска амбасада Скопје, во рамките на проектот Изразување на јавниот интерес: Зголемување на моќта на граѓанските организации во Македонија. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада.

ИЗРАЗУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС
ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МОЌТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА

ИНСТИТУТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ